## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Дванаесеттото продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 ноември 2007 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата затоа што наскоро продолжуваме со седницата.

Продолжуваме со работа по 56-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љубчо Георгиевски, Зоран Витанов, Владо Бучковски, Лазар Китановски, Радмила Шекеринска, Данаил Дончев, Абдулади Вејсели ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Точка 6 - Предлог за донесување на закон за јавните набавки, со Предлог на закон**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

За збор се јави господин Марјанчо Николов.

Повелете господине Николов, имате збор.

**Марјанчо Николов:** По амандманот е претседателе, така?

**Љубиша Георгиевски:** Да, продолжуваме со претрес по амандманот на член 32 став 2 за менување на алинеа 3, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска. Тоа ли е?

**Марјанчо Николов:** Да, благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Многу е важно да говориме за ист амандман.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван заменик министер,

Со овој амандман во членот 32 став 2 алинеа 3, се бара точно одредување при изработката на тендерската документација, да стои дека критериуми за утврдување на способност и документација што треба да ја поднесат понудувачите или кандидатите согласно членот 143 од овој закон што практично значи дека во членот 143 се јасно наведени кои документи или критериуми траба да се поднесат за да се утврди способноста на кандидатите кои што ќе конкурираат на тендер, а тоа се личната состојба, способноста за вршење на професионална дејност, економска и финансиска состојба, техничка или професионална способност, стандардите за системи за квалитет и стандардите за управување со животна средина. Онака како што се напишани во Законот е дека можеби да се бараат минимални критериуми за утврдување на способност и документација што треба да ја поднесат понудувачите или кандидатите за да го докажат исполнувањето на критериумите за утврдување на способност. Мислам дека и онака како што е напишано во Законот, повторно како за многу членови во овој Закон, се создава можност за субјективно толкување од страна на договорните органи при составување на правилата за тендери. Тука ниту е опишано што се тоа минимални критериуми, ниту што точно ќе се бара. Затоа сметам дека со понудениот амандман точно се дефинира кои критериуми треба да бидат побарани од економските оператори за да можат да учествуваат на тендер и да поднесат своја понуда. Затоа апелирам до колегите да го подржат овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги молам пратениците кои сеуште не се влезени во салата, да влезат во салата и да ги завземат своите места бидејќи се наоѓаме пред гласање.

Ги молам пратениците кои сеуште не влегле во салата, да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Ги молам пратениците кои сеуште не влегле во салата, да повелат да влезат во салата ќе преминеме на гласање.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата затоа што не очекува гласање.

Објавувам десет минути пауза за кворум.

(Пауза од 11,58 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,11 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците кои сеуште не влегле во салата, да влезат во салата, продолжуваме со седницата.

Господа пратеници, имам чест да ви предложам во мое и во ваше име заеднички да го поздравиме известителот на Комисијата за политички прашања на Парламентарното собрание на Советот на Европа господин Педро Аграун.

(Аплауз)

Ги поздравувам и нашите колеги кои го придружуваат и им посакувам на сите добра работа и добар престој во нашата земја.

Ги повикувам уште еднаш пратениците кои не влегле во салата, а кои се регистрирани да повелат да влезат во салата, затоа што не очекува гласање по амандман.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Констатира дека гласањето што ќе се спроведе е валидно во однос на кворумот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 7, воздржани нема, против гласале 54.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 34, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Предраг Трпески:** Решението дадено во член 34 од овој Предлог на закон, претставува усогласување со член 23 став 4 од Директивата под број 18 од 2004 година на Европската унија и на Советот на Европската унија од 31 март 2004 година. Така што овој член не можеме да го избришеме и амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Добро е што после подолго време се собра кворум и Собранието може да функционира. Се надевам дека нема да имаме повторно проблеми со кворумот при гласањето на амандманите.

Околу овој амандман, на членот 34, во предложениот закон од страна на Владата стои дека во случаите од член 33 став 2, алинеја 1 на овој закон договорниот орган не смее да ја отфрли понудата ако стоките, услугите или работите не се во согласност со спецификациите на кои се однесува договорот, а понудувачот докаже дека понудата ги задоволува на соодветен начин барањата на договорниот орган.

Понудувачот, тоа треба да го докаже со техничка книга на производителот или извештајот за извршеното или калибрирање издадено од акредитирана лабораторија за тестирање или калибрирање или акредитирано тело за сертификација на производи и услуги или акредитирано инспекциско тело кое ја гарантира примената на општо прифатените стандарди.

Практично, овој член, доколку остане во законот, не само што ќе овозможи или ќе придонесе за усогласување на овој закон со директивите на Европската унија, туку напротив, ќе направи таква збрка, таква неможност да се затвораат подготовките за јавни набавки, што мислам дека сега, ако остане овој член, кога ќе се донесе законот и кога ќе почне да се применува тоа, ретко кој тендер во Република Македонија ќе може да се заврши. Навистина, ако сакале да го усогласат од Владата овој член со директивите на Европската унија, морале да бидат многу попрецизни, многу подецидни во кои случаеви тоа може да се направи, да предвидат дури миниални критериуми или услови по кои што треба овој член да се применува. Во овој случај, значи сега, Република Македонија, за оние кои се занимаваат со јавни набавки има секаква роба, секакви стоки, секакви услуги, секакви работи. Од друга страна имате многу малку можност, кога ќе побарате во тендерот и да утврдите еден критериум како што е квалитет или минимални функционални или технички карактеристики на одреден производ, мора да ни донесе некој валиден сертификат дека е така.

Верувајте, се даваат секакви сертификати, се даваат сертификати на секаква роба и со овој член вие може, ако барате, не знам по некоја стока, може да ја специфирате точно, да ги утврдите нејзините функционални карактеристики, некој да дојде и да ви каже не е тоа она вие што го барате. Ова што ние ви го нудиме е тоа што ви треба. Можете и со него да завршите работа, а ќе ви донесе секакви сертификати. Но, од друга страна, не ги задоволува барањата во однос на потребите на понудувачот.

На пример, ако барате да изведувате некакви градежни работи, во тендерот ќе напишете дека треба објект таков и таков, од таква и таква градба, со цигли, на два ката и ќе дојде некој понудувач ќе ви рече јас ви нудам ваков објект од овој материјал, можеби не баш таков, но треба вие да ја прифатите мојата понуда. И не смеете да одбиете, мора да ја бодирате, мора да ја прифатите понудата, а од друга страна создавате простор потоа да влезете во процес на жалби, на процедури до второстепена комисија, па после да тужите и никако не можете да излезете на крај.

Доколку остане овој член вака како што е предложен во законот, навистина ќе се отворат многу, многу прашања при распишување на тендерот. Еве, да го прашам заменикот министер, што ако го применам членот 36 став 2 од Законот во овој случај? Дали во тој случај ќе може, со понуда што не одговара на техничките спецификации да биде земен во предвид? Ако го употреби зборот" еквивалентно". Како во тој случај ќе реагира договорниот орган, дали ќе ја одбие понудата? Знаеме дека овој член се применува кога не можете доволно да објасните, а имате потреба од некоја стока, услуги, што се специфични и треба да одговараат на вашиот процес на производство, на вршење на работа и го употребите овој член, ставот 2, и напишете “еквивалентно”. Дали тогаш е применлив членот 34?

Навистина, со вакви решенија во законот се внесуваат такви забуни, такви нелогичности што, прво, не е јасно, немаше друг начин да се исправи со амандман освен да предложиме да се избрише, иако заменикот министер ни велеше дека се усогласува со Европската унија. Не држи. Нема можност да реагирате, амандмански да го поправите текстот, освен да го избришете. Или, да го ставите во преодни и завршни одредби дека ќе се применува кога навистина ќе имаме систем на квалитет, институции што ќе функционираат, начин на работа што е европски.

Во оваа ситуација, во Република Македонија да го оставите овој член да стои во закон, ниту е ден

тендер не можете да заваршите или да барате одредени стоки, компјутер или што, со точно наведени карактеристики, перформанси. Ќе дојде некој друг, ќе ви понуди можеби други компјутери со такви перформанси, но можеби не се толку квалитетни, или не одговараат на вашите други компјутери, не се компатибилни. Што во тој случај? Како ќе ја одбиете таа понуда да е прифатлива? Или за возила или за делови или за не знам што.

На пазарот на автоделови сега има таква збрка што ќе ви понудат дел каков сакате и ќе ви донесат сертификат каков сакате. Никој не ви гарантира за квалитетот. Тука е најголем проблем кај јавните набавки. Не може да добиете квалитет. Со оваа одредба во членот 34 некој да ве убедува ако барате едно, а да ви нуди друго и да ве убедува дека тоа е во ред и не смеете да го одбиете, навистина не знам како ќе се применува овој член од Законот.

Апелирам до колегите, навистина е тешко да дебатирате во Собрание кога на колегите им се поинтересни другите работи и не седат во салата. Ако е целта само да носиме закони а потоа да се фалиме дека имаме закони, но не се применливи, јас не знам за кого ги носиме законите? За Европската унија?

Ќе се применуваат во Република Македонија. Треба да ги направиме практични. Да ги усогласиме, меѓутоа, и да бидат практични за примена во Република Македонија. Не ми е јасно зошто е ваков интересот од страна на владеачкото мнозинство. Сега повторно ќе ги повикувате да влезат, ние ќе зборуваме, а тие не ќе знаат за што гласаат, само затоа што амандманот е од опозицијата, ќе стиснат против.

Во ред, секој си ја носи одговорноста. Апелирам овој член или овој амандман навистина да се прифати, бидејќи не остава простор да се напредне системот за јавни набавки, туку едноставно ќе го врати назад и ќе создаде многу нелогичности и тешкотии при практижното спроведување на тендерските постапки. Благодсрам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодаам и јас.

Има збор господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодаам претседателе.

Почитуван заменик министер, колеги пратеници,

Некогаш, за лица кои се од егзактните науки, од областа на техниката, толкувањето на овие правни еквилибристики навистина внесува забуна. Бидејќи во јавните повици или распишувањето на тендерите многу често ќе имате работа со луѓе кои се од областа на техниката, бидејќи изведувачи на такви технички работи се токму тие. Секогаш ќе се јавуваат можности за вакво или онакво толкување на овој член од законот и отворање на тендерски постапки односно второстепени жалбени постапки до второстепена владина комисија, пролонгирање на тендерот, односно одлучување што не оди во корист ниту на иведувачот, ниту на понудувачот, ниту пак на Република Македонија. Имав неформални средби и со членови на Владата кои сега се министри, сите се жалат на постојната регулатива на Законот за јанви набавки. Велат премногу трае, сите се жалат, буквално дали има основ или нема основ и буквално сме заковени во реализацијата на капиталните инвестиции.

Ако овој член го читаме буквално, онака како што јас го подразбирам, поправете ме, ако грешам, но некогаш навистина од правните еквилибристики не можеме да се снајдеме. Потонуваме во некое море.

Вие распишувате тендер за изведување на некоја климатизација на објект. Ги дефинирате техничките карактеристики што треба да ги има опремата, спецификацијата, рамката во која што треба да се даде понудата. Таму конкурираат заинтересирани понудувачи.

Надвор од тие постапки, кога ќе дојде, еве, министерот, да треба да го изврши изборот, Комисијата за јавни набавки што претходно заседавала, ќе мора да ги отфрли оние поднесувачи, кои не се во рамките на спецификацијата дефинирана во тендерската постапка. Со овој член, такви нема да има. Такви не може да има. Бидејќи пишува, вели - Договорниот орган не смее да ја отфрли понудата ако стоките, услугите или работите не се во согласност со спецификациите на кои се однесува договорот, а понудувачот покаже дека понудата ги задоволува на сооветен начин барањата на договорноит орган.

Па тогаш, зошто е тендер, зошто треба спецификации подетални да се наведуваат во тендерот кога Комисијата не може да напрви ниту груба селекција. Едноставно, рацете ќе бидат врзани. Сите кои учествувале на тендерот се во игра. Дали ги исполнуваат условите, согласно со понудените критериуми во тендерската постапка или не ги исполнуваат, овој член им овозможува да бидат во игра. И, уште повеќе, министерот, сега следете ме добро, не е ни толку страшно тоа да е така, но Комисијата која прави некоја груба селекција или министерот или органот што го врши конечниот избор на најповолен понудувач, ќе треба да ангажира дополнителни стручни лица и експерти да ги толкуваат техничките услови на опремата што тој понудувач ја понудил, а не е во рамките на спецификацијата на тендерот, ама ги задоволува на соодветен начин барањата. Значи, ќе изведе греење и систем за климатизација, но не по таа спецификација или не со таа опрема или не по тие технички услови што ги бара понудувачот.

Навистина, правниците овде претерале. Бидејќи јас, ова го анализирам од технички аспект, ќе има основ за тужби едно море. Го почитувам вашето образложение дека морало да ставите член со што го усогласувате со препораките на некоја од директивите на Европската унија. Но, многу е лошо формулирано овде. Не знам дали се

направил некаков буквален превод или пак правно била направена обланда, како што често знае од стручните служби да се направи такво нешто, што ќе внесува забуна.

Вториот пасус од членот внесува уште поголема заблуда. Таму е дефинирано под кои услови мора да биде прифатен понудувачот, иако не се вклопува во тендерските услови. Вели - Понудувачот докаже дека стоките, услугите или работите обезбедуваат исполнување услови за извршување или функционални карактеристики, а се во согласност со Македонски стандард, што е во согласност со Европскиот стандард. Европско техничк одоброение, европско технички атест, заедничка техничка спецификација што се користи во Европската унија, меѓународен стандард или други технички референтни системи воспоставени од страна на евроспките тела за стандардизација.

Па, ова мора да се содржи во тендерот. Оној кој го дефинира тендерот мора да спецификзира вакви услови. Тогаш секој ќе се вклопи во него. Зошто ви е тогаш ваков член или вториот пасус. Нека стои ова нешто дефинирано во Законот, но како услов некој да конкурира. А не, тој не ги исполнува условите во тендерот, тогаш може да толкуваме дека некому може како сака да му текне да напрви спецификација во тендер, што не е во рамките на законот. И тогаш, се едно е како ќе биде формулиран тендерот. Сепак, со овој член секој ќе може да конкурира и да поведе судска постапка, доколку не бие избран или биде одбиен од второстепената владина комисија.

Третиот пасус комплетно е компатибилен со двата во однос на недоразбирањата. Вели - соодветен начин за докажување на сообразноста со бараните технички спецификации може да биде техничката книга на производителот или извештајот за извршеното тестирање или калибрирање издаден од акредитирана лабораторија за текстирање или калибрирање или акдредитирано тело за сертификација на производи и услуги или акредитирано инспекциско тело кои ја гарантираат примената на општо прифатените стандарди.

Извинете, но со овој член вие ги ставате во нееднаква положба понудувачите на тендерот. На некој од нив ќе им барате дополнителни атести или сертификати од институции што се овластени да даваат такви сертификати, под флосклули дека не биле вклопени со својата понуда во спецификацијата, а други нема да има потреба бидејќи одговараат на потребата на спецификацијата. Основ да падне на Уставен суд.

Ако под нееднакви услови ги донесете понудувачите еднакво да влезат во трка, тогаш мислам дека некој може да поведе постапка за уставност на овој трет дел од членот. Добро размислете, ќе видите дека ова го кажувам најдобро намерно.

Целиот член 34 е ставен во функција на нешто друго. Можеле овие одредби да бидат користени во дефинирање на условите за создавање на тендерската постапка или давање на потесна рамка на оној кој го создава јавниот повик, односно тендерот, во кои ќе може да се смали процентот или веројатноста на можни недоразбирања или погрешно толкување на јавниот повик од страна на понудувачите кои ќе учествуваат на јавниот повик.

Затоа, предлагачите од пратеничката група на СДС, имајќи ги предвид сите овие можни недоразбирања од правен аспект, закочување на тендерската постапка, поведување на судски спорови кои ќе можат вака или онака да бидат толкувани, можно доведување до уставност, уставна проблематичност на овој дел од законот, предложивме членот 34 да се брише.

Јас разбирам дека е некое усогласување, но или правно не е добро дефинирано, или пак местото не му е тука, бидејќи ги доведува до нееднаква положба правните субјекти кои ќе конкурираат, или пак на сите им овозможува влез во трка. Тогаш се псотавува прашањето зошто во тендерската постапка да бидат пропрецизно дефинираниуслови кои не мора никој да ги почитува. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе,

Ќе се обидам да бидам многу кус, бидјеки сметам дека нашите колеги кои воедно се и предлагачи на овој амандман, успеаа да дадат релевантни аргументи со кои треба да се прифати амандманот, а евентуалната недореченост од формално правниот дел, до колку се прифати, може да се регулира со амандман од страна на Владата на Република Македонија кој во меѓувреме може да пристигне и правната последица која јас ја разбирам до колку биде прифатен и неговата поврзаност со членот 33, може да биде соодветно регулирано, од проста причина што мислам дека Република Македонија и ова Собрание има обврска подобро да ги решава работите тогаш кога се во фаза на донесување, отколку да се доведуваме како држава и како институции во ситуација на санирање на лошите одлуки или ситуации. Она што овој амандман го предвидува, кој по сам себе е лош, предвидува воведување на импровизација што најверојатно ќе биде политички мотивирана, некогаш и криминално, некогаш коруптивно, но предвидува и големс тепен на дискрециона можност во зависност од одлуката која на крај ќе биде арбитрарна и субјективна само по себе, бидејќи ја носат луѓе. Колку некој да каже дека тоа се експерти, познавачи и т.н. јас во тоа ќе се сомневам во самиот старт, да се донесе одлука во една или во друга насока, во смисла некој кој наводно ќе докаже дека неговата услуга или стока, сеедно во зависност од видот, иако не одговара иницијално на критериумите или спецификацијата на јавната набавка, да докаже дека таа одговара, да биде прифатена, илиобратно едноставно да биде

одбиена. И тука има многу недоречености. Во која смисла?

Во кои рокови ќе се определува дали некој кој што априори се утврдило дека не одговара на спецификацијата, ќе се докаже пак дека одговара. Во истиот од ќе се решаваат тие работи , или ќе бидат посебно третирани, што веднаш прави разлика и она што го велеше коелгата дискриминација на различните правни субјекти во самиот настап.

Во членот 3 каде што се вели, во неколку зборови кои се повторуваат, акредитирани, инспекциски, или лаборатории или останати тела, не се кажува кај кога акредитирани, од страна на кого. Ние во регионот па и во Европа имаме различни државни, јавни, комбинирани или приватни тела кои се соодветно акредитирани но кои во своето работење, некои се водат од јавниот, некои од личниот односно интересот за профит. Јас не знам во моментот кое е акредитираното инспекциско тело во Албанија кое можеби произведува масло, или во Бугарија, или во Србија, или во една Шветска. Кај кога ќе биде тоа акредитирано? Зошто некој ќе биде прифатен како релевантен понудувач без соодветна потврда од наводно акредитирано тело, а некој кој не одговара на спецификациите ќе биде прифатен, бидејќи мора согласно оваа формулација, затоа што дава акредитирано некое решение кое е акредитирано инспекциско тело од Иран, бидејќи, еве се увезува масло од Иран, или урми, или било што. Значи во секоја реченица се овозможува големс тепен на волунтаризам и дискреционо одлучување, од ситуација во ситуација, штона крај не може да даде ефикасност во одлучувањето, обејективност во одлучувањето и што е најбитно определување на најдобрата понуда. Што ни е крајната цел од овој закон, да ги објективиризира постапките, да го намали степенот на влијание во одлучувањето кое е субјективно? Ако тоа ни е целта, а треба да ни е, тогаш ова со овој членне го постигнуваме, туку напротив го зголемуваме влијанието на политичкото арбитрирање во носењето на одлуките. И она што требало предлагачите да стават е да ги изострат и да ги нарпават попрецизни високите стандарди на кои мора да дадат одговор понудувачите, а тие кои сакаат да бидат понудувачи и  не се човек фирма, на тоа треба да одговараат, бидејќи, знаете, ако сака некој да го стави во овој актуелен момент, знаете ли како може да го третира и ако не станува за идентична ситуација, продажбата на ТЕЦ Неготино.

Во оваа ситуација испаѓа дека бугарските понудувачи, иако на крај се испостави дека не одговарале на барањата на оној кој ја нуди за продажба, тоа е државата, се избрани бидејќи, ако сака некој да го толкува, договорниот орган, во случајов тоа е Владата на Република Македонија преку Зоран Ставревски и Министерот за економија преку Рафајловска, не смееле да ја отворат понудата, бидеjки понудувачот докажал дека стоките и услугите, или работите обезбедуваат исполнување на условите. Иако самиот знам дека не е адекватен примерот, но во одредена ситуација е адекватен. Што тоа понудил бугарскиот понудувач на Зоран Ставревски, па овој не може да му ја одбие понудата, а се испоставува дека не одговара на барањето. Што, пари, услуга, противуслуга, завршена работа, враќање на долг, подобра услуга од останатите. Не знаеме. Но, на крајот имаме политичко  арбитрирање кое ни носи штета. Имаме одлука за продажба на термоелектрана, имаме основано сомневање за корупција и криминал, на крај се поништува одлуката, времето за кое е потрошена оваа процедура паѓа на товар на граѓаните преку плаќање на поскапа струја од увоз, во моментот и се праќа лоша порака до странските инвеститори. Истото тоа може да се примени и на многу пониска или помалку вредна, или на крајот да не биде помалку штетна, но сепак ќе биде штетна ситуација.

Јас сакам Владата преку строго прецизирани критериуми да ја подобри конкурентноста која на крај треба да резултира со два основни елементи во економијата, квлитетот и цената, но не да ги исклучува едни за сметка на другите, бидејки ако дословце ова се толкува, може да се донесе одлука за избирање на најдобра понуда, заради цената, а квалитетот ќе го докажува некое, наводно, инспекциско тело преку,наводни,некои документи кои треба да бидат соодветно заверени, преведени, да се види нивната авторизација, дали се релевантни, за да немаме ситуација како фалсификувани дипломи од Тирана, од Приштина, од Скопје илиод било каде илиод други универзитети во регионот. Примерот што го имаме во образованието може да се примени овде и тие кои ќе одлучуваат, ако сакаат да бида тобјективни, а тешко може да бидат такви, ќе се сведат во проценители на нешто кое не може никогаш до крај точно и веродостојно да го проценат. Наместо да имаме сериозни, ефикасни и објективни јавни набавки, ние ќе имаме само жалбени постапки.

Јас жалам дека и со ваквиот тип на предлог каде на крајот учествуваат, условно, две страни во облигацијата, договорниот орган т.е. државата, општините и т.н., сеедно и субјектите на пазарот кои понудуваат,нема да се подобри конкурентноста, бидејки на крајот ќе се отвори на мала врата штона крај некој ќе ја направи многу голема, искористувајки ја оваа дупка и отворен простор, на пазарот на стоки иуслуги   и т.н., да учествуваат фирми кои априори се знае дека не одговараат на спецификациите, но ќе се обидуваат некако да докажуваат. Погледнете го овој факт за кој не слушнав денес дека има најава за прес конференција, ама не е тука Зоран Ставрески или Груевски  па да го прашам директно, може ли преку вас претседателе или преку оваа седница, да го воспоставам тоа прашање. Имено, дали ќе има денес прес конференција бидејки е намалена конкурентноста на Република Македонија за цели 10 места. И

овој законн е поврзан со тоа, ако сакаме објективно и со отворени, не на едно око затворени и да мижиме пред него.

Ние имаме извештај од Светскиот економски форум, вчера објавен на медиумите, дека Република Македонија од 84 паднала на 94 место, се наоѓа последна во регионот...

**Љубиша Георгиевски:** Сепак тоа е малку отстранета тема. Ве моалм да говорите за законот.

**Игор Ивановски:** Претседателе дозволете да докажам, бидејки јас сакам вие да реагирате на време ако се оттргнам од темата, која што впрочем требаше со Абдулади Вејсели да го направите, ама не гонаправивте, па ни се случи тоа што ни се случи. Но, дозволете да видите, ако веќе влегувате во судија, дали сум на темата или не сум, да видите зошто сум на темата.

Значи, Република Македонија во овој момент е падната за 10 места на листата на конкурентноста во светски рамки. Во регионот ние сме само зад "високо развиените" Босна и Херцеговина и Албанија, бидејки само они се под нас. Сите од нас се подобри, вклучително и Црна Гора и Србија и т.м. Значи на 94 место од 131 земја. Можете да го пресметате трендот.

Акоприфатиме ваков амандман ќе ни се случува луѓе фирми кои шетаат со акт ташна и печатите од канцаларии во канцеларии, со наводни сертификати, со априори потврдување дека не одговараат на спецификациите, учествуваат на тендерите и до колку ги прифатите тие понуди, постои сериозно сомневање дека тие може да ги добијат, а оние фирми кои инвестираат во образованието, во атестирањето, во утврдувањето на својот бренд, што е најмногу значајно во Република Македонија и е на многу ниско ниво, во контролирање на квлаитетот, да бидат соодветно елиминирани, бидејки тој кој знае дека однапред не одговара на спецификацијата, па со својата акт ташна ќе докажува, со наводни сертификати, дека одговара, веројатно ќе определи цена која ќе биде однапред договорена со тој кој однапред треба да го избере и тука дефинитивно ќе биде во штета квлаитетот. За цената, ќе се регулира една со официјално плаќање, друга со неофицијално плаќање, како што тоа најчесто ни се случува во ваквиот тип на функционирање. Значи да не сметаме дека овој амандман треба да се отфрли многу лесно затоа што ќе предизвика формална недореченост во законот. Бришење на еден член , треба да биде соодветно заменет и тоа не е проблем да се направи. Се правело и друг пат. Владата на една од своите седници ќе заседава, ќе рече, по предлог на Министерството за финансии на кој начин да го регулира прифаќањето на овој амандман од страна на владеачкото мнозинство. Но во секојслучај секое подобро формулирање на ваквата ситуација е подобро од ова, бидејки ако владеачкото мнозинство не е свесно што значи тоа, а мислам дека е, само се обидува да преќути, ќе се доведете во ситуација како што функционир авоизминатите неколку месеци, Тито Петковски да оди да ја спаси завчера во Владата Вера Рафајловска, бидејки спрема неа ВМРО-ДПМНЕ го ориентира притисокот за да го спаси благајникот Зоран Ставрески и да имате ситуација на проблеми во владеачката коалиција и да докажете дека поприоритетно е партиското влијание на вашите министри отколку одговорноста пред премиерот и ние како пратеници што ги избираме.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието Иван Анастасовски).

**Иван Анастасовски:** Зборувајте за амандманот.

**Игор Ивановски:** Да, за амандманот.

Благодарам господине потпретседателе, веројатно нема и Догани да дојде да ме опомене за истото. Но, ова го кажувам затоа што имаме конкретна ситуација која никој не ја посакува, но таа е факт, таа ни се случува.

Зацчера вечер во 24,00 часот и кусур, Владата ја донесува одлуката за ТЕЦ Неготино, после три и кусур месеци преписки со опозицијата и со јавноста каде што за среќа на државата успеавме да го спречиме коруптивното потпишување на тој договор. Но, тоа покажува дека ако ја водите работата согласно партискиот, а не државниот интерес и ако Рафајловска одговара пред Тито Петковски, а Зоран Ставрески пред Груевски, а не пред премиерот и пред пратениците...

**Иван Анастасовски:** Ве молам зборувајте за амандманот. Тоа можете и на прес да го кажете.

**Игор Ивановски:** Ќе ни се случува со волунтарестичкото определување на овој член 34, повторно да ни се јават слични, некогаш можеби полоши, некогаш помалку лоши, но во секојс лучај лоши ситуации кои ќе ни се случуваат. Ако веќе зборуваме за Европска унија, ова дефинитивно не може да одговори на потребите и барањата на стандардите на Европската комисија, бидејки ги зголемува дискреционите, на место да ги намали дискреционите права, го зголемува политичкиот притисок наместо да го намали, го зголемува волунтаризмот наместо да го намали и на крајот ја отвора вратата за употреба на криминал и корупција за стекнување на корист за сметка на одредени лица, а за сметка на државата. Кога велиме државата, мислиме на парите од Буџетот, а тоа се пари од граѓаните, ниту се на Трајко Славески, ниту на Игор Ивановски, туку на секој по мал дел, но најмногу се на граѓаните кои дошле заради високите даноци и воведувањето на нови, сега имаме најава на некои други, се полни касата, а некој не знае ни таа да ја потроши, но за тоа во друга прилика, за да се држиме до амандманот.

Значи имајки предвид дека Република Македонија падна за 10 места на листата на конкурентност на држави, во регионот е меѓу последните, да не зборуваме за Босна, имајки предвид дека ни се случија сериозни, докажани,

Владата само го потврди тоа, криминални корупциски зделки, ТЕЦ Неготино е последнио тпример, има и други, мислам дека, за жал, Владата нема да го промени концептот туку и ќе продолжи со таквиот тип на менаџирање на продажбите на имотот. Затоа е многу битно да ги превенираме ситуациите кои веќе ни се случиле. Имаме шанса тоа да го направиме.

Мојот предлог на крајот е да се прифати бришењето на член 34, Владата во меѓувреме, денес-утре, на првата итна, а верувам дека има често седници во неделата иако нема дирекни преноси за тие за кои не треба да дознаеме, ќе донесе нов член, нека биде на истиот број 34, поинаку формулиран, со кој дефинитивно ќе ја прецизира својата потреба да се разреши оваа дилема, ако не постои. Инаку на овој начин на разрешување на дилема отвора илјада останати дилеми кои на крај ќе завршат со многу негативни последици. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам коелга.

Има збор пратеник госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам претседателе.

Сите дискусии,не само по амандманот туку и претходно по текстот на Предлогот за донесување на законот, укажуваат дека Владата направи голема грешка со самиот факт што вака значаен законски текст пушти во скратена постапка, во една фаза да се носи предлогот за донесување на законот и Предлогот на закон, а сите занеме дека се работи за материјал кој има вкупно некаде околу 300 страни, заедно со документите што ни се во прилог на законот.

Многу од работите за кои сега дискутираме можеше да бидат избегнати ако Владата се согласеше законот сега да оди во прва фаза, да се утврди потребата од донесување, за потоа врз основа на нашите дискусии кои овде нависитна покажуваат дека се аргументирани, во втора фаза да се подобри текстот на законот. Но, мислам дека повеќето од колегите ќе се согласат дека Владата имала свои други цели кои треба да ги постигне со овој закон и токму затоа ваквите предлози на опозицијата беа одбиени, впрочем и не се произнесоа по однос на овие предлози, претставниците на Владата кои се менуваат, или министерот или најчесто заменик министерот овде, па сега сме соочени со вакви дебати на кои настојуваме да ги искажеме своите аргументи зошто се противиме на вака предложените законски одредби.

Факт е дека со овој закон ќе се овозможи само поголема ефикасност во спроведувањето на јавните набавки, но не поголема ефикасност заснована на правна процедура, заснован на законски одредби, туку ефикасност која значи само задоволување на партиските интереси, во случајо тна ВМРО-ДПМНЕ. Токму овој амандман за кој сега дискутираме, кој предвидува бришење на членот 34, до колку се прифати, ќе биде во функција на реформите. Меѓутоа, колеги, до колку не се прифати ќе овозможи само поголема ефикасност во спроведувањето на постапките и можност Владата да не ги трпи критиките за својата неефикаснсот, како што беше во изминатата година, посебно во делот на капиталните инвестиции, заради тоа што независно од тоа кој дал понуда, како ја образложил понудата, какви се спецификациите, ќе може на крајто тој што одлучува за изборот на правното лице кое го добило тендерот, да одлучи како што сака.

Што тоа значи во пракса? Тоа значи дека, како што спомна колегата Герамитиоски, комисиите за јавни набавки апсолутно нема да имаат никаква функција, бидејќи тој што одлучува за тендерот ќе може независно од тоа какви се условите, што е предвидено, кои се понудувачите, какви спецификации дале да одлучи како што сака заради тоа што е предвидено во овој член 34, понудувачот во случаите од членот 33 став 2 алинеја 1 од овој закон договорниот орган не смее да ја отфрли понудата ако стоките, услугите или работите не се во согласност со спецификациите на кои се однесува договорот, а понудувачот докаже дека понудата ги задоволува барањата на соодветен начин на договорниот орган.

Навистина го поставувам прашањето што значи ова понудувачот на соодветен начин да докаже дека понудата ги задоволува барањата на договорниот орган. Ова значи дека се отвора судска постапка? Ќе се докажува? Се знае каде се докажуваат факти, каде се ценат докази. Тоа е во судските постапки. Нема таков мандат ниту Комисијата ниту тој што на крајот треба да одлучи за тендерот врз основа на ставот на Комисијата. Што е најтрагично овде комисиите за јавни набавки ќе нема да имаат став како што беше до сега кога Комисијата ќе заседава, ќе ги отвора понудите, ќе ги елиминира оние што се нецелосни, што немаат соодветна документација и потоа врз основа на документите што се целосни, што се во ред, врз основа на претходно утврдени критериуми ќе предложи кој е тој што е најповолен понудувач и ќе го понуди на лицето што во улога на раководител во некоја институција треба да одлучи за јавната набавка.

Меѓутоа, вие понудувате сосема нешто друго. Значи, отворате можност за ова, но можност за судска постапка апсолутно нема, но овде се користи судска терминологија - докажување. Како ќе се докажува тоа? Што ќе постигнете? Ќе постигнете да немате критики како изминатата година за неспроведување или нетрошење на буџетските средства, посебно во делот на капиталните инвестиции кои во првиот дел од годината беа помалку од 30-тина, имаше и министерства кои имаа 2% искористеност на буџетските средства за капитални инвестиции. Зошто? Заради тоа што одбиваа тие што требаше да одлучуваат за тендерските постапки да го изберат најповолниот понудувач заради тоа што не беше понудувач близок до партиите на власта и немаа можност како да ескивираат и

најдобро им беше да стојат во место, да не носат никакви одлуки, тендерот завршен, Комисијата што работи на јавни набавки ги завршила своите предлози и ги доставила до тој што треба да длучува, а тој бидејќи има партиски притисоци, не одлучува заради тоа што ако одлучи така како што треба, нема да биде избрана фирмата што е од ВМРО-ДПМНЕ или од НСДП или од некоја друга партија, ДПА, сите партии во коалиција. Затоа стоеја во место, па одеа по жалби во второстепени комисии, па и таму имавте проблеми, па ви бегаа членови од комисиите поради притисоците, мислам на комисиите за јавни набавки заради тоа што секој не е подготвен да ги издржи притисоците што ги прави Владата, а можеме да замислиме што ќе се случува сега кога сосема поинаква ќе биде улогата на Комисијата за јавни набавки кога тие ќе бидат со својство на правно лице и кога работата на Комисијата е дефинирана согласно закон и кога вработените фактички лицата кои ќе бидат членови на Комисијата ќе бидат директно зависни со својата плата од Владата. Тогаш какви ќе бидат притисоците?

Неспорно е дека ќе бидат огромни, меѓутоа, не ви е само тоа доволно, туку барате во секој член, во секоја одредба, во секоја алинеја на законот да најдете дополнителни можности за остварување исклучиво на партиските интереси и на партиите на власт.

Мислам дека на овој начин ќе се создаде потполен хаос во јавните набавки, искрено го поставувам прашањето дали во ситуација кога имаме вакви дефинирања на многу значајни одредби од законот, законот воопшто ни е потребен. Бидејќи со законот се прави се за да се зацврсти позицијата на партиите на власта и да се зголеми дискреционото право на тој што одлучува за јавните набавки наспроти потребата да се зајакне улогата на комисиите, да се зајакнат комисиите за јавни набавки составени од повеќе лица вработени во органите на државната управа, да се зајакнат критериумите и да се зајакне постапката.

Навистина не знам со каква храброст ги давате образложенијата на законите на начин како што е случај со овој закон, а и со многу други закони кога се повикувате само на Европска унија, хармонизирање со европското законодавство и тн., а правите се наместо јакнење на критериумите да има намалување на критериумите.

Што ќе се случува сега со оваа ситуација кога навистина на никој не може да му биде отфрлена понудата ако стоките или услугите не се во согласност со спецификациите на кои се однесува договорот. Тоа значи дека секој може во моментот кога ќе поднесе документација или некој од некоја партија ќе му каже дајте документи на тендерот за јавна набавка вие сигурно ќе бидете избран и тоа да биде гаранција, да нема потреба од исполнување на некакви дополнителни критериуми. Заради тоа што дискреционо ќе може да се одлучува онака како што сака тој што треба да одлучува за јавната набавка. Тоа колеги не е европски стандард. Тоа е враќање назад и мислам дека е ова провидно колку и да сакате да се повикате дека законот значи хармонизирање со европското законодавство, ова е провидно и Европската унија ќе го прочита ова. Не е само оваа одредба, ние зборувавме за многу други одредби и колегите предлагачи на амандманите и останатите дискутанти зборувавме за тоа колку делови од законот навистина се враќаме назад не само во однос на Бирото за јавни набавки кое сега ќе биде англиска кралица во иднина откако овој закон ќе се усвои, туку многу други одредби кои навистина го потврдуваат заклучокот дека ќе имаме по број на членови огромен закон за јавни набавки, меѓутоа тој закон ќе значи само овозможување на власта да ги остврува своите партиски интереси, а не јавни набавки соглсно пропишана процедура која треба да го гарантира квалитетот на услугите или набавката на стоки што треба да се изврши согласно овој закон.

Затоа ве повикувам, посебно колегите од позицијата, наместо да читаат весници овде од прва до последна страница, да внимаваат малку на дискусиите и да ги слушнат аргументите за прифаќање на овој амандман ако навистина имаат интерес и Република Македонија да го хармонизира своето законодавство со законодавството со Европската унија. Ако гласаат поинаку значи дека нивните ставови се различни од оваа декларација. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор господинот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам потпретседателе.

Јас говорев во врска со донесувањето на овој закон и во општата расправа, по општиот претрес и една од главните работи што ги кажав тогаш беше прашањето односно повикот директно до премиерот на Владата Никола Груевски, до министерот за финансии Трајко Славески како предлагачи на овој закон да повелат да излезат на владина прес конференција, по можност со целата владина свита и да го промовираат овој нов закон за јавни набавки. Да кажат, меу другото, што е она што е реформско, што е она што е подобро во овој закон од досегашната ситуација, што е она што ќе го намали криминалот и корупцијата или дали евентуално ќе ги зголеми можностите за криминал и корупција.

Сега се отвора дилемата, еве кога разговараме и за овој амандман за членот 34 зошто Владата, премиерот и министерот за финансии не сакаат да си го рекламираат самите овој закон. Зошто премиерот и министерот за финансии прават отстапка од досегашниот начин на водење на владиниот пијар кога за сите убави работи, условно речено, односно за сите вести кои не се лоши за имиџот на Владата и на премиерот излегуваат лично во јавноста пред новинарите и се фалат.

Навистина е противречна нивната постапка во овој случај зошто се молчи во јавноста, а во Собранието според Владата имаме еден убав реформски, антикорупциски и антикриминален закон. Зошто Владата не сака да си ги собере поените од оваа реформа, од решенијата што ги нуди со овој закон. Дали тоа значи дека Владата, премиерот и министерот за финансии се срамат од овој закон и сакаат, по можност, со помалку зборување на опозицијата, со необјавување ништо во медиумите условно да помине на мала врата овој закон.

Ако го гледаме целокупниот пакет на решенија што ги нуди овој закон како што беше она за кое многу говоревме да се зголеми сумата од 3 на 5 илјади евра за склучување на непосредни спогодби односно не како до сега до 3 илјади евра, туку до 5 илјади, да не се распишува јавен тендер за јавни набавки, туку во четири очи да се склучуваат договори. Директно асоцијацијата е дека се отвораат можности за криминал и корупција.

Конкретно во членот 34 кој предлагаме со нашиот амандман да се брише, се вели следното: цитирам: “Договорниот орган не смее да ја отфрли понудата ако стоките услугите или работите не се во согласност со спецификациите на кои се однесува договорот, а понудувачот докаже дека понудата задоволува на соодветен начин барањата на договорниот орган”.

Сега, имаме една ситуација. Од една страна се вели дека имаме ситуација кога не се задоволуваат критериумите, спецификациите што треба да се исполнат од тендерот, меѓутоа од друга страна и покрај тоа да не смее да биде одбиена таквата понуда. Навистина ова е несфатлива, непојмлива работа во една правна држава која сака да се заштити од злоупотреби при склучување и спроведување на постапките за јавните набавки и тендерите.

Само да ве потсетам, кога ВМРО-ДПМНЕ во минатиот мандат беше опозиција не се симнуваа од прес конференции, затоа пред малку прашав зошто сега не излезе премиерот на прес конференција да се фали со овој закон, значи нешто не е во ред. Инаку, не би ја пропуштил шансата да се пофали.

Кога беа опозиција нон стоп говореа непосредни спогодби, спогодба во четири очи и тн. Сега токму оваа Влада едно говорела кога била опозиција, друго говорела сега кога е на власт, стимулира спогодби во четири очи. Со тоа директно се отвора можност односно се зголемува можноста за криминал, она што го реков да има повеќе непосредни спогодби бидејќи цензусот е подигнат од 3 на 5 илјади евра, а над 5 илјади евра задолжително се распишува јавен тендер.

Овде во овој член, ајде, ако за првото викаме ќе се зголеми ефикасноста, ќе се скратат роковите за спроведување на јавните набавки и само по себе не мора да значи криминал, што правиме сега со овој член? Имаме ситуација на тотално противречни услови наведени во законот кои се исклучуваат еден со друг. Сепак законодавецот, Владата, сака по секоја цена тоа да го спроведе иако условите дадени во понудата на тендерот не одговараат на условите кои се бараат со самиот тендер.

Во таква ситуација му се наложува на понудувачот на соодветен начин да докаже дека сепак тоа не е така. Сега, како може или се исполнети условите или не се исполнети. Како може од една страна во самиот закон да се признава дека ќе продолжи постапката до колку не се исполнети условите и понатаму да с наоѓаат начини преку таканаречено соодветно докажување сепак она што не е бело, она што не црно да се направи бело. Ова е таква ситуација во законот.

Понатаму, нема да се скрати постапката на јавните набавки со еден ваков член воопшто. Ова отвора нови моменти, дополнителни ситуации кога во самата постапка за спроведување на јавните набавки се отвора друга внатрешна интерна постапка, постапка на таканаречено соодветно докажување, каде никаде не стои кој е тој содветен начин, која е таа процедура, кои се тие рокови, кои се тие услови за докажување и тн.

Дали ова значи задскривање односно покривање на неуспешни тендери и дали, ако се работи за неуспешен тендер треба законот наместо да го спречи тоа директно во овој случај да овозможи услови сепак тој да се оствари. Дали тоа не е оштетување на државата. Дали ова решение значи по секоја цена, до колку на некој владин функционер, некоја владина институција заради партиски или други лични интереси, бизнис интереси, криминални интереси и тн., коруптивни, му се создаваат законски услови да се легализира нешто што е криминално. Тоа значи да се донесе позитивна одлука за прифаќање на понудата на тендерот по секоја цена иако не се исполнвуаат условите дадени во тендерот од страна на понудувачот.

Тој што одлучува по тендерот Владата со овој закон го наведува на криминал, на законски криминал што е апсурдно. Апсурдно е дури да се каже, а камо ли да стои како владино решение, законско решение во овој нов закон за јавни набавки. Дали тоа значи дека надвор од процедурата, надвор од условите предвидени со дополнително докажување, со дополнителна постапка ќе се легализира нешто што е на штета на Буџетот. Ќе се склучи договор за јавна набавка на тендер со буџетски државни пари за работа која не ги задоволува условите на тендерот затоа што или ги исполнувате или не ги исполнувате. Имаме јасно пропишани услови, сега Владата испаѓа дека измислува мокра вода, имаме јасно пропишани услови, имаме документи кои се доставуваат од понудувачот дали ги исполнува тие услови.

Сега свесно гледаме дека не ги исполнува условите, па му даваме втора шанса, а втората

шанса се вика криминал односно нерационално, ненаменски, несоодветно потрошени државни пари за кои некој ќе одговара.

Што правиме откако ќе заврши тендерот, еве и по овој член, и покрај неисполнувањето на условите, како што нуди законодавецот, се докаже во таа процедура дека сепак треба да се прифати и еве таа комисија ќе го прифати тоа. Што ако после се покрене некој судски спор? Или што ако самата процедура на докажување од другите заинтересирани на пример на тендерот предизвика такви контраверзи што во уште незавршена тендерска постапка, не знам како да ја наречам, хибридна на дополнително соодветно докажување предизвика судски спор. Ние на уште незавршен тендер, незавшена процедура ќе имаме судски спор и каде е сега тука ефикасноста. Што е целта на ова решение во законот, освен Владата по секоја цена да им даде, да им овозможи на некои понудувачи, на некои фирми да заработат со државни пари иако не ги исполнуваат условите од тендерот.

Значи нешто што е очигледно при очи Владата не прави слепи. Меѓутоа, ние не ги отвараме очите на Владата, ги отвараме очите во интерес на државата. Доколку Владата решила да прави некој криминал никој не може да ја спречи во тоа, меѓутоа се надевам дека еден ден независните институции ќе го откријат тоа. Меѓутоа, ги отвараме очите на Владата за да не се прави штета на државата. Помалку ни е битно дали некој од Владата лично ќе одговара и дали ќе биде казнет за тоа. Тоа е негов ризик, личен инвидуален. Меѓутоа, она што е поголем интерес во случајот се државните пари како се трошат, интересот на граѓаните, како што велеше сегашата власт, тогашна опозиција, даночните обврзници, како се трошат нивните пари, кој е интересот на државата. Да се заштити интересот на државата. Да нема злоупотреби на државните пари. Затоа размислете уште еднаш не само за овој член, не само за овој амандман каков закон нудите, каков закон предлагате. Да не се случи врз основа на овој закон некои независни институции во иднина вам да ви судат. Ако немате чувство за државниот интерес, имајте барем чувство за својот личен интерес, немојте да влегувате во вакви однапред осудени на криминал, законски решенија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитувани присутни, овој амандман е дел од амандманите кои ги поднесовме со цел да го подобриме овој Предлог закон за јавни набавки кој претставува тотален хаос, кој ќе внесе тотален хаос во проблематиката на јавните набавки, кој хаос Владата упорно сака да го наметне во Република Македонија.

Имено, овој парламентарен состав доби еден закон за јавни набавки, измени и дополнувања на 15 мај 2007 година, на кој ние напишавме како опозиција, како СДСМ 15-тина амандмани.

Втор закон за изменување и дополнување добивме на 22 мај 2007 година на кој повторно моравме да реагираме со неколку амандмани за подобрување на делови на текстот односно каде мислевме дека Владата сака да си воведе погоелеми дискрециони права.

На крај, на 03.07. значи само после месец ипол добиваме трета верзија, ова која е денес на дневен ред.

На пленарни седници точно 17 пати се расправаше за овие закони за јавни набавки. Какви апсурди, какво губење  на време. Не би сакала да се повторувам со моите колеги, претходни дискутанти кои сугерираа дека најпаменто е да оди овој закон во две фази. Претставниците на Владата да го повлечат Предлогот на законот, ако имаат воопшто такво право, затоа што овде е присутен почитуваниот господин заменик министер, директорката на Бирото за јавни набавки кои би требало да сугерираат законот да биде повлечен, законот да оди во две фази, да се отстранат најголемите можни дубиози.

Зошто? Затоа што не се донесува закон за еден ден или за една година, или да одговара само на оваа власт. Интенција е да се донесе закон кој ќе одговара сега кога сте на власт и утре кога ќе бидете опозиција. Законот мора да биде прочистен посебно од дискреционите права на министерот при одлучување за доделување на јавната набавка, токму делот 4 - Правила за изработка на тендерската документација, кој е еден од најбитените делови, бидејќи ако тендерската документација не биде изработена како што треба постојат можности за стотина малверзации понатаму и за неправилно доделување на јавната набавка односно за криминал и корупција во јавните набавки.

Токму овој член, членот 34 дава дискреционо право на минстерот, на човекот кој ќе одлучува на кого ќе се даде јавната набавка без барање ама баш на никакви сертификати, документации, овластувања, уверенија, докази за квалитетната понудена материја, предмет на јавната набавка да одлучи да се даде на тој субјект без право на жалба на останатите, бидејќи ќе биде се законски.

Јас се надевам претставници на Владата ако воопшто ме слушате дека овие наши дискусии допираат до вас и дека ќе го промените мислењето односно ќе го прифатите нашиот амандман затоа што ако дојде до гласање јасно ни е како гласа позицијата, јасно е дека позицијата гласа онакак како Владата ќе се изјасни без воопшто да ги слуша нашите дискусии, без воопшто да ги чита предложените закони, само притиска на копчињата, за жал. За жал, пресниот случај со ТЕЦ Неготино што се случуваше во нашата Влада, го имаме случајот за индиските цитостатици, го имаме случајот за останатите медикаменти со сомнително потекло

и други корупциски скандали за кои оваа Влада миже бидејќи се правени од нејзини високи функционери или членови. Некој мора да понесе одговорност како колективно, или поединечно, луѓето кои гласале во тендерската комисија да се додели ТЕЦ Неготино на ХАЧ, како било гласањето, велат 5:4, 5-те кои гласале за, или сите 9-мина како случајот во ОХИС треба да поднесе одговорност ако има барем малку доблест пред македонската јавност.

Поради тоа го поднесуваме овој амандман за член 34 да се брише. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги замолувам колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме кон гласање.

(Некои пратеници влегуваат во салата)

Молам службите да ми дадат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратенци во салата)

Молам, пратениците да седнат на своите места.

Ги молам колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме кон гласање.

(Некои пратеници влегуваат во салата0

Бидејќи во салата има 61 пратеник, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата има 61 пратеник, гласале 56 пратеници, од кои за гласале 11, нема воздржани и 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење начлен 35, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Со исто образложение како што беше и со претходниот амандман и решението дадено во член 35 од Предлог законот, претставува усогласување со член 23 став 6.

Од истата директива, овој амандман не го прифаќаме.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Јас би ве замолил да бидете поконцентрирани на образложението. Значи, јас прифаќам образложение дека сте вршеле усогласување со европската легислатива. Но толу е несреќно избрана оваа формулација, во која што ќе ви докажам дека доаѓа до контрадикторност на едниот став, со претходниот став на истиот член и се коси со Законот животна средина всушност.

Првиот дел на членот е супер. Одличен е. Значи, во кој што повикувате на тендер во кој што значи услугата, или нешто што е предмет на тендерската постапка е поврзано со животната средина и во кој што повикувате дека треба да се усогласи со Законот за животна средина, во кој што под посебни критериуми се доделува еколошка ознака. Значи, називот еколошка ознака. И тоа е во ред.

Сега, во третиот став на членот се вели: “договорениот орган може да наведе дека стоките и услугите, кои имаат еколошка ознака, ќе се сметаат дека целосно одговараат на техничките спецификации во тендерската документација.

Договорниот орган, значи, нарачувачот на тендерот нема да смета дека определената понуда не одговара на техничките спецификации, само заради тоа што стоките или услугите не се означени со еколошка ознака”.

Значи, сега, за некои понудувачи го негирате Законот за животна средина, доколку понудувачот, значи оние кои што немаат таква еколошка ознака, докаже со кој било соодветни средства, дека стоките или услугите одговараат на бараните технички спецификации.

Договорниот орган е должен да ги прифати сертификатите од признати тела воспоставени во било која земја, членка на Европската унија.

Во ставот 4 на овој член е дефинирано кој е начинот на докажување, значи со сооветна тн., техничка книга, или каталог што е го извади за сопствените производи понудувачот на услугата и дека со тоа ќе докаже за квалитетот. Апсурдно е тоа. Ова го напишал правник, да, но, од технички аспект е апсурд.

Прво, ако тој има техничка книга, односно каталог со производи кои што имаат еколошка издржаност потврдена со соодветен сертификат од институција која што има таква надлежност од Европската унија, тогаш секако, ќе одговара на техничките карактеристики и стандарди што нашиот закон за заштита на животната средина ги пропишува во соодветниот член и секако ќе добие ваков назив еколошка ознака. Секако ќе добие. Значи, не постои начин тој да има соодветни технички спецификации на неговиот производ. Еве, да не влегувам во некоја правна заврзлама преку еден пример. Станува збор за азбесни материјали, азбесни цефки кои што се забранети од страна на Европската унија, бидејќи можат да предизвикаат канцерогени својства во организмите.

Значи, тие масовно се исфрлаат од употреба од водоводите или пак за покривање на куќите со салонитки. Сега, вие велите ако некој производител се јави да речеме од Виница дека има салонитки кои што не одговараат на законот за заштита на животната средина, но одговараат

на некои стандарди кои што им ја потврдила некоја институција, тогаш може да добие на тендерот. Апсурдно. Едно со друго се исклучува.

Законот за животна средина беше усогласен со директивите од Европската унија. Сега, не знам дали сум јасен во образложението. Проблемот е ИСО стандардите, или со ИСО македонските стандарди, или национални стандарди.

Националните стандарди мора да се под множество на ИСО стандардот, кој што е светиња во тој дел на стандардизацијата.

Во делот на заштитата на животната средина или човековото здравје, уште поригорозен е тој ИСО стандард.

Значи, не може Македонскиот стандард и во претходниот случај да даде сертификат на некој производ, кој што не одговара на ИСО стандардот. Теортски може во примена во Република Македонија, но тогаш немате усогласување со Европската регулатива. Најдобро намерно е, сега ние предложивме во амандманот да се брише тој член. Јас знам дека ќе имате проблеми, како и во претходниот случај, но со овие членови во законот, верувајте дека предизвикувате страшни проблеми и недоразбирања кои што ќе завршуваат со море на судски постапки за докажувања и тендерите нема никогаш да бидат завршени како што треба.

Да завршам, значи, нашата интенција не е, барем моја не е, да одолговлекувам овде, или само да вергламе. Решението не е добро. Правно не е добро регулирано.

Во вториот дел, во кој што не ги ставате подрамноправна положба понудувачите, доведува до прашање на Уставниот карактер на овој член, односно на законот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Објавувам пауза за ручек од 1 час.

(Пауза од 14,00 часот)

(по паузата седницата продолжи со работа во 15,26 часот).

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата ќе продолжиме со работа.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да велзат во салата и да си ги заземат своите места, а службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Почитувани дами и господа пратеници,

Во салата нема доволен број на пратеници, затао ги замолувам координаторите на пратеничките групи да направат напор во времетраење од пауза од 10 минути да ги соберат пратенците и истовремено да ве информирам дека во иднина почнувајќи од утре нема да се толерира задоцнување, а наместо тоа ќе има прекинување на седницата.

Давам пауза од 10 минути.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,41 часот)

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат, а пратениците кои се во салата ги молам да ги заземат своите места.

Ги молам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Почитувани дами и господа пратеници, бидејќи во салата нема доволен број на пратеници за продолжување на Собраниската седница, тука ја прекинувам денешната седница, известувајќи ве дека утре нема да има пленарна седница, ќе се работи само комисиски.

Продолжуваме во понеделник во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 15,45 часот)